СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# СИСТЕМ ЗА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА ИСЧЕЗНАТИ ДЕЦА ВО ЕВРОПА АМБЕР АЛЕРТ

-компаративна анализа-

Лидија Поповска
Истражувач и аналитичар по правосудство и фундаментални права

април, 2024 година

**СОДРЖИНА**

РЕЗИМЕ ........................................................................................................ 2
ВОВЕД.......................................................................................................... 3
I ЧЕШКА РЕПУБЛИКА ................................................................................ 5
II СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА....................................................... 6
III КРАЛСТВО БЕЛГИЈА ............................................................................... 7
IV РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА........................................................................... 9
V РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ......................................................................... 10
VI РЕПУБЛИКА СРБИЈА.............................................................................. 11
VII РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ................................................ 12
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ................................................................................... 15

**РЕЗИМЕ**

Предмет на оваа компаративна анализа е Системот за предупредување за исчезнати деца „Амберт алерт“ во Европа, во: Чешка, Германија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Србија и Северна Македонија. Во воведниот дел се опфатени основните начела на кои се заснова Амбер Алерт во Европа, како и статистички податоци за ефективноста во пронаоѓање на исчезнати деца со помош на овој систем. Целна група на системот се деца од три возрасни групи, и тоа: мали деца (од 0 до 5 години); деца (од 6 до 12 години); и тинејџери (од 13 до 19 години). Заедничко за сите држави претставува потребата од исполнувањето на одредени критериуми за да биде активиран Амбер алерт системот во истите. Во однос на **управувањето со системот** постојат разлики. Во Чешка, Белгија, Бугарија, Хрватска и Србија, со Амбер алерт системот управуваат националните Министерства за внатрешни работи и Полицијата. За разлика од овие држави, во Германија и Северна Македонија, со системот Амбер алерт управуваат невладини организации, во Германија тоа е невладината организација „Initiative Vermisste Kinder“, а во Северна Македонија невладината организација “Новинари за човекови права”. Постојат и неколку специфичности во одделни системи. На пример, во Чешка, за периодот од 2022 до 2027 година, е донесена Национална стратегија за превенција од криминал, а една од стратешките цели на стратегијата се однесува на Криминал извршен од деца и против деца. Во рамки на оваа стратешка цел, дефинирани се повеќе специфични цели, од кои едната цел е да се обезбеди продолжување и понатамошен развој на Националниот координативен механизам за потрага по исчезнати деца (НКМППД). Карактеристично пак за **германскиот систем**, за разлика од другите системи, е **користењето на поддршка на вештачката интелигенција (ВИ) во потрагата по исчезнати деца**. Заедничко за сите држави е што Киднапирање или Кражба на деца (според германскиот Кривичен Законик), претставуваат кривични дела, со пропишани казни во националните Кривични законици на државите. Во сите држави за овие кривична дела е пропишана казна затвор во зависност од околностите, степенот и тежината на делото. Во случаите кога стореното дело ќе резултира со смрт, од државите кои се опфатени со истражувачката работа, најголеми казни се предвидени во: Белгија (од 20 до 30 години казна затвор); Бугарија (10 до 20 години или доживотен затвор) и Србија, каде што по убиството на тинејџерка „Тијана Јуриќ“, формирана е фондација „Тијана Јуриќ“, на чија иницијатива во 2019 година воведена е нова кривична санкција - доживотен затвор . Оттука, во Кривичниот законик е пропишана казна затвор во траење од најмалку десет години до казна доживотен затвор за кривично дело Тешко убиство доколку истото е извршено врз дете или бремена жена. Во Германија е предвидено дека казната за предизвикана смрт во вакви случаи не смее да е помала од три години затвор.

Во Белгија, во законски определени случаи, доколку киднаперот/сторителот, во рок од 5 дена **доброволно го врати** киднапираното малолетно лице или киднапираното ранливо лице, ќе се казни со казна затвор од 2 години до 5 години и парична казна од 200 до 500 евра.

# ВОВЕД

Амбер Алерт Европа е иницијатива, чија цел е постигнување ***„нула исчезнати деца“*** во Европа, преку зголемување на обемот, соодветноста и географскиот опсег на технолошки и човечки ресурси кои се мобилизираат во потрагата по исчезнати деца. Оваа иницијатива ги подобрува одговорите на Амбер алерт предупредувањата за исчезнати деца, преку:

- зголемување на прекуграничната свест за исчезнатите деца и кај службениците за спроведување на законот и кај јавноста;
- ангажирање на организациите за спроведување на законот од повеќе соседни држави во потрага по исчезнати деца;
- овозможување службениците за спроведување на законот од различни земји да ги координираат своите потраги преку границите;
- обучување службеници за спроведување на законот заради оптимизирање на нивните одговори на предупредувањата за исчезнати деца; и
- обезбедување помош на земјите кои немаат систематизирани пристапи за закрепнување на исчезнатите деца, во развојот и спроведувањето на нивните сопствени системи Амбер алерт[1].

Амбер алерт Европа, всушност е „организација од јавен интерес“ со седиште во Холандија, и истата е домаќин на повеќето координативни активности. Во својата работа е активна од 2013 година, со опсег на практикување на меѓународно ниво. Сепак, имплементацијата на иницијативата на ААЕ бара соработка од низа други засегнати страни, вклучувајќи ги националните и регионалните влади, ентитетите за спроведување на законот и приватните мултинационални корпорации како што се Гугл и Фејсбук.

**Целна група на иницијативата Амбер Алерт се деца, од три возрасни групи:**

1. Мали деца (од 0 до 5 години);
2. Деца (од 6 до 12 години); и
3. Тинејџери (од 13 до 19 години)[2].

Оригиналната организација Амбер алерт Холандија, ги има проширено своите активности на паневропско ниво. Потребата од проширување на активностите произлегува од фактот дека 37,5% од Европејците живеат во пограничните области, што значи дека граѓаните слободно ги преминуваат границите, а информациите за исчезнатите деца обично застануваат на националните граници. Според ААЕ[3] веројатноста за лоцирање на исчезнато дете може да се зголеми и со максимизирање на прекуграничната свест за исчезнатото дете и со проширување на опсегот на прекугранични ресурси што се користат за лоцирање на исчезнатото дете. Со ваквите мерки се обезбедува потрагата по исчезнатите деца да не биде ограничена на земјата во која исчезнале, а ресурсите мобилизирани во потрагата по дете на тој начин би биле во чекор со слободното движење на луѓето во Шенген зоната.

Со ваквата практика се предвидуваат неколку краткорочни резултати, и тоа:

[1]Интернетска страница на Европска комисија, https://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1416&langId=en&reviewId=292 , пристапено на 5.12.2023 година
[2]*Ibid*
[3] Амбер алерт Европа

- зголемување на бројот на лица кои можат да препознаат исчезнато дете и да дадат информации за негово наоѓање;
- зголемување на јавните ресурси и ресурсите за спроведување на законот, потребни за потрага по исчезнато дете; и
- овозможување на организациите за спроведување на законот од потребните држави, за координирање на напорите за пребарување.

Примарниот планиран долгорочен исход од практиката е да се осигура дека преку користење на методите на триангулација[4] и координација на ресурсите, ќе се најдат сите исчезнати деца во Европа. На веб-страницата на ААЕ се достапни повеќекратни студии на случај во кои прекуграничната координација довела до успешно пронаоѓање на исчезнато дете. Друг долгорочен исход кон кој се стреми ААЕ е намалување на број на деца кои исчезнуваат, на почетокот првенствено преку ширење на превентивни информации за родителите и службениците за спроведување на законот[5].

Од месец јануари 2018 година во своите рамки, Амбер алерт Европа има формирано **Оперативна група за спасување на исчезнати деца**. Во оваа оперативна група вклучени се експерти од повеќе држави во Европа, и истата го утврдува најдобриот начин за споделување на информации, споделување на најдобрите практитки, понатаму, поврзување на колегите од цела Европа, но и едукација во однос на подобрување на националните системи Амбер алерт[6]. По иницирање на Амбер алерт Европа, формирана е и **Полициската експертска мрежа за исчезнати лица (ПЕН-МП).** Истата е официјална европска полициска мрежа за исчезнати лица, во чиј состав има полициски експерти од областа на исчезнатите лица од цела Европа, односно преку 80 експерти од 34 земји членки на Европска Унија и надвор од Унијата. Во 2016 година, за време на холандското претседателство со Советот на Европската Унија официјално е објавен почетокот на (ПЕН-МП), а во исто време од страна на актуелното претседателство, побарано е секоја земја членка да назначи национален контакт за мрежата. Како поддршка на холандската иницијатива, мнозинство од 465 пратеници во Европскиот парламент од сите земји-членки на ЕУ имаат потпишано писмена декларација на Амбер алерт Европа за подобра европска соработка за спасување на животите на исчезнатите деца[7].

**Европскиот центар за исчезнати деца** на својата веб-страница има објавено статистички податоци од 2015 година, до денес, за процентот на пронаоѓање на исчезнати деца во Европа со помош на Амбер алерт. Според објавените податоци, во 2022 година, процентот на пронаоѓање на исчезнати деца на годишно ниво изнесувал 85%. За 2023 година постојат податоци на квартално ниво, и тоа: во првиот квартал 100%, во вториот квартал 80%, во третиот квартал 79%[8].

[4] Метод на триангулација е процес на одредување на позиција на некоја точка со образување на триаголници до неа од однапред познати точки.
[5]*Ibid*
[6] AMBER Alert Training & Technical Assistance Program https://www.amberadvocate.org/international/amber-alert-international-spring18/ пристапено на 05.12.2023 г
[7] Европски центар за исчезнати деца https://www.amberalert.eu/projects/police-expert-network пристапено на 05.12.2023 година
[8] Статистички податоци од Европски центар за исчезнати деца https://www.amberalert.eu/statistics, пристапено на 15.12.2023 година

## I ЧЕШКА РЕПУБЛИКА

Во Чешка, системот Амбер алерт односно НКМППД е развиен со цел да се олесни навремено и успешно спасување на исчезнати деца, преку ангажирање на пошироката јавност и обезбедување психолошка поддршка на семејствата на исчезнатите деца. Системот се заснова на операции за потраги извршени од полицијата на Чешката Република, со помош, секогаш кога тоа е потребно, од Интегриран систем за итни случаи, како и од други релевантни субјекти. За таа цел се користат повеќе технички алатки достапни за дисеминација, и тоа: медиуми (национални ТВ канали и радио станици, онлајн емитување); интернет: полициска информативна служба, интернет страница на МВР НКМППД; Амбер алерт Европа; Амбер алерт Словачка; *интернет-пораки, РСС (за оние кои се регистрирани); алатките „од полиција до полиција“.*[9]

Но, сепак, за да биде активиран системот Амбер алерт во Чешка, потребно е да бидат исполнети **два критериума**:

1.*Исчезнатото дете да е помало од 15 години*, животот или здравјето на детето да се во опасност, но дополнително и:

- можност детето да стане жртва на несреќа поради својата возраст;
- детето нема пристап до лек кој го одржува во живот;
- детето е со физички или психички недостатоци; и
- кога случајот вклучува киднапирање со знаци на насилство, потенцијалниот сторител страда од ментална состојба, нестабилен е, со можни непредвидливи реакции или кога претходните закани од потенцијалниот сторител или други посредни докази укажуваат дека животот или здравјето на детето се во опасност.

2. *Исчезнатото дете е на возраст од 15 до 18 години* и има некоја од здравствена состојба (детето има физички или психички недостатоци или нема пристап до лекови кои се значајни за неговиот живот).[10]

**Надлежни органи** за функционирање на системот Амбер алерт се: **Министерството за внатрешни работи** на Чешката Република, во делот на координација и надзор при потрагата на исчезнато дете и **Полицијата** како одговорен оперативен орган при потрагата на исчезнато дете[11]. Со цел да се спречи детето да се изгуби или да стане жртва на криминал, Министерството за внатрешни работи има пропишано превентивни мерки, односно совети за родителите, понатаму, дава насоки како родителите да постапат доколку нивното дете е изгубено, но исто така пропишува и основни правила за безбедно однесување на децата[12]. Во насока на развој на превенцијата од криминал, донесена е и **Национална стратегија за превенција од криминал од 2022 до 2027 година[13].** Една од стратешките цели на стратегијата се однесува на

---

[9] European Centre for missing children, https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country
[10]*Ibid*
[11]https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country
[12]Интернетска страница на Министерство за внатрешни работи на Чешка Република https://www.mvcr.cz/mvcren/docDetail.aspx?docid=21671597&docType=ART пристапено на 11.12.2012 година
[13]Национална стратегија за превенција од криминал од 2022 до 2027 година на Чешка Република https://eucpn.org/sites/default/files/document/files/Crime%20Prevention%20Strategy%20Czech%20Republic.pdf пристапено на 11.12.2023

*Криминал извршен од деца и против деца*[14]. Во рамки на оваа стратешка цел, дефинирани се повеќе специфични цели, од кои едната цел е **да се обезбеди продолжување и понатамошен развој на Националниот координативен механизам за потрага по исчезнати деца (НКМППД)**[15].

**Киднапирање на дете и лице кое страда од ментално растројство, претставува кривично дело**, за кое чешкиот Кривичен законик пропишува казна затвор, со траење во зависност од околностите и степенот на тежината на делото. Оттука, со **казна затвор до три години** ќе се казни тој што ќе одземе дете или ментално хендикепирано лице, од лице, кое според друг законски пропис или службено решение е должно да се грижи за него. **Казна затвор во треење од една до пет години** следува ако сторителот го изврши делото со намера да стекне материјална корист за себе или за друг, или со делото го загрозува моралниот развој на киднапираното лице. **Казна затвор во траење од две до осум години** следува доколку сторителот делото го стори како член на организирана група, понатаму, со делото предизвикува тешка телесна повреда, или пак стекнува значителна материјална корист за себе или за друг. Доколку пак сторителот со вршењето на оваа кривично дело предизвикал смрт, или со вршење на делото стекнува голема материјална добивка за себе или за друг, ќе се казни со **казна затвор од три до десет години.** Подготовката на оваа кривично дело, исто така претставува кривично дело[16].

## II СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Системот Амбер алерт во Германија и овозможува на полицијата да бара помош од јавноста при спроведување на истрага во случаите на киднапирани деца. Но сепак, овој систем во Германија не е управуван од германската полиција, туку истиот е управуван од страна на германска невладина организација "*Initiative Vermisste Kinder*".[17] Предупредувањата до печатот и граѓаните при издавање на системот Амбер алерт се испраќаат со помош на повеќе видови на технички алатки за дисеминација, и тоа: електронска пошта; разни апликации; QR-кодови; социјални медиуми (Фејсбук, Твитер ); смс-пораки на локално ниво; радио и ТВ станици; и дигитални билборди поставени на метро станици, железнички станици, трговски центри, аеродроми[18]. Притоа, германскиот предупредувачки систем разликува **два вида на критериуми** за да биде издадено предупредување за исчезнато дете:

1.*Критериум за итно предупредување*, истото се издава во случај кога:

- Детето е малолетно, односно до 17 годишна возраст или помладо;
- Кога се претпоставува дека станува збор за киднапирање;
- Кога постои висок ризик за здравјето или животот на детето; и
- Кога објавувањето на информации не смее да предизвика никаков ризик за детето.

[14]*Ibid* "F": Crime committed by and against children, стр. 35, пристапено на 11.12.2023
[15]*Ibid* "Specific objective F5", стр. 37, пристапено на 11.12.2023
[16] чл.200 Кривичен законик на Република Чешка https://antislaverylaw.ac.uk/wp-content/uploads/2019/08/Czech-Republic-Criminal-Code.pdf
[17] Невладина организација која управува со системот Амбер алерт во Германија, https://www.amber-alert-deutschland.de/
[18] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country, пристапено на 13.12.2023 година

2.*Критериум за предупредување на децата во ризик,* се смета за исполнет во случај кога постои непосреден значителен ризик од опасност за исчезнатото дете, но случајот не ги исполнува критериумите за итно предупредување[19].

Карактеристика за германскиот систем Амбер алерт претставува моментот на користење на вештачката интелигенција (ВИ) во потрагата по исчезнати деца. *Германска невладина организација „Initiative Vermisste Kinder“, користи поддршка на вештачката интелигенција (ВИ) за да ја подобри потрагата по исчезнати деца и да ја оптимизира својата превентивна работа.* На својата интернернетска страница, невладината организација дава примери за тоа како *ChatGPT* се користи за одговарање на прашања во случај на пријавување на исчезнато дете. На пример, по поставено прашање од родителите (пр. што треба да направат родителите во случај кога нивното дете исчезнало; или кога можат да поднесат пријава за исчезнато лице во полиција; на кој број може да пријават итен случај; каде може да се посоветуваат и слично ), *ChatGPT* дава детални одговори и насоки по прашањата[20].

**Кражбата на деца претставува кривично дело** за кое германскиот Кривичен законик пропишува казна затвор или парична казна, во зависност од околностите во случајот. Оттука, **со казна затвор до пет години или парична казна**, ќе се казни тој што ќе одземе од родителите или од едниот родител, старател или згрижувач: лице под 18 годишна возраст, со употреба на сила, закана за сериозна повреда или со измама, или одземе дете, а не му е роднина; или ако на родителите, родителот, старателот или згрижувачот им се оневозможува пристап до детето. Со истата казна ќе се казни тој што ќе го одземе детето од неговите родители или на едниот родител или старател за да го однесе детето во странство, или не дозволува пристап на еден од родителите на детето или родителите, старателот или згрижувачот до детето во странство, откако ќе го одведе таму или откако детето ќе отиде таму. **Казна затвор во траење од една до 10 години** следува ако сторителот ја става жртвата во опасност од смрт или ризик од сериозно оштетување на здравјето или од значително оштетување на физичкиот или менталниот развој поради извршувањето на делото, или ако дејствието го изврши за надомест или со намера за лично збогатување или збогатување на трето лице. Во полесните случаи казната е затвор од шест месеци до пет години. Доколку пак со извршувањето на делото сторителот предизвика смрт на жртвата, пропишана е казна **затвор во траење од најмалку три години, а во полесни случаи казна затвор од една до десет години[21].**

## III КРАЛСТВО БЕЛГИЈА

Во Белгија, системот Амберт алерт се нарекува **БЕ-Алерт**, и истиот е владин систем за предупредување во случај на исчезнато дете. Овој систем е воспоставен  во 2014 година како пилот проект од страна на Националниот кризен центар на Белгија. Две години по отпочнување на пилот проектот, 33

[19]Интернетска страница на Невладината организација во Германија задолжена за управување со Амбер алерт системот; https://www.amber-alert-deutschland.de/ пристапено на 13.12.2023 година

[20]Интернетска страница на Невладината организација во Германија задолжена за управување со Амбер алерт системот; https://www.initiative-vermisste-kinder.de/k%C3%BCnstliche-intelligenz/ пристапено на 13.12.2023 година

[21]Кривичен законик на Сојузна Република Германија, чл.235 https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html

општини имале можност да го тестираат БЕ Алерт системот и да го оценуваат, за да истиот во иднина биде подобрен. Веќе од 2017 година, системот станува оперативен низ цела Белгија[22]. БЕ Алерт системот, и овозможува на полицијата да бара помош од јавноста кога ги истражуваат случаите на киднапирање деца. За таа цел се користат технички алатки за дисеминација. Најпрво, Федерална полиција - Служба за судска организација, е одговорна за телевизиските соопштенија за печатот, односно за уредување на текстот, земајќи предвид кои информации може да бидат јавно објавени. Информациите кои доаѓаат од Федералната полиција, всушност претставуваат основа за натамошното информирање на јавноста, преку: интернет страница на системот Амбер алерт; банери на интернет; социјални медиуми; ТВ и радиостаници; сообраќајни знаци на автопатот; како и кампања за хартиени плакати доколку е потребно. Но, сепак, за да биде активиран системот Амбер алерт, потребно е исполнување на одредени **критериуми**, и тоа:

1. Животот на детето е во опасност;
2. Да постои официјално барање од државата која бара започнување на тревога; и
3. Да постојат сериозни елементи (индикации) дека детето се наоѓа на територија на Белгија.

**Надлежни органи** за националниот систем Амбер алерт во Белгија се: Федерален обвинител - орган надлежен за спроведување на истрага; Федерална полиција за исчезнати лица - орган кој е надлежен за координација на истрагата; Фондација „Фокус на деца“ – со Линијата за итни повици 116000; Федерална полиција DJO Перм. – жешка линија; Федерална полиција DJO/ OAR – дифузија на пораки.

Во случај на исчезнато дете, како техничка алатка се користи објавување на фотографии од децата на интернет страницата на полицијата[23].

**Киднапирање и прикривање на малолетници и ранливи лица**, во белгискиот казнен систем претставува кривично дело, за кое во Кривичниот законик се пропишани казни. Законот предвидува казна затвор од 5 до 10 години за секој што одзема или киднапира малолетно лице кое не наполнило 12 години, дури и ако малолетникот доброволно го следел својот киднапер. Со казна затвор од 5 до 10 години ќе се казни секој кој, со насилство, измама или закана, киднапира или предизвикува киднапирање на малолетно лице над дванаесет години или кое било лице чија состојба е ранлива поради возраст, бременост или болест, физичка или ментална слабост или недостаток, и е очигледна или позната на сторителот. Казната ќе биде затвор од 15 до 20 години ако киднапирањето или притворањето на киднапираниот малолетник или на ранливите лица предизвикало или болест која изгледа како неизлечива, или неспособност за работа (малолетници и ранливи лица) за период подолг од четири месеци, или целосно губење на употреба на орган или сериозно осакатување. Во случај киднапирањето или притворот да предизвика смрт, казната ќе биде затвор од дваесет години до триесет години[24]. Со истите казни како сторителот на киднапирање ќе биде казнет секој што чува малолетно лице или ранливо лице,

[22] БЕ Алерт Белгија https://www.be-alert.be/en/what-be-alert
[23] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country
[24] чл.428 Кривичен Законик на Кралство Белгија https://legislationline.org/sites/default/files/documents/6e/BELG_CC_fr.pdf

за кое знае дека е киднапирано[25]. Во законски определени случаи, доколку киднаперот/сторителот, во рок од 5 дена доброволно го врати киднапираното малолетно лице или киднапираното ранливо лице, ќе се казни со казна затвор од 2 години до 5 години и парична казна од 200 до 500 евра[26].

## IV РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во Република Бугарија, националниот систем Амбер алерт е воведен во месец јануари 2018 година. Со тоа, Бугарија станува 18 земја во Европа која го има интегрирано системот за брзо предупредување во случај на исчезнување на дете. Системот им дава можност надлежните органи да испратат известување со информации и неодамнешна фотографија од исчезнато дете до сите корисници на апликацијата Фејсбук, во радиус од 200 километри од местото каде што детето исчезнало[27]. Но, исто така, со овој систем, на полициските службеници им се дозволува да побараат помош од јавноста кога исчезнато дете на возраст под 18 години е жртва на криминал или ако детето се наоѓа во опасност. Надлежни органи за издавање на системот за предупредување се Генерален директорат на Националната полиција и Генерален директорат за борба против организираниот криминал на Република Бугарија[28]. Сепак, за да биде издадено Амбер алерт за предупредување потребно е исполнување на одредени **критериуми**:

1. да е поднесен Записник од законскиот застапник на исчезнатиот малолетник;

2. кога постојат докази дека малолетникот е, или ќе биде жртва на кривично дело, или неговиот живот е во опасност;

3. кога е дадена писмена согласност односно одобрение од законскиот застапник на малолетникот или од обвинител доколку се води кривична постапка, за објавување на Амбер алерт за малолетникот;

4. ако постои можност предупредувањто да се издаде во рок од 24 часа по поднесената пријавата за исчезнато малолетно лице или по донесена одлука од соодветната полициска структура.

Предупредувањата до печатот и граѓаните при издавање на системот Амбер алерт се испраќаат со помош на повеќе видови на технички алатки за дисеминација, и тоа: ТВ и Радиопреноси; Електронски медиуми и платформи; ПРЕС Центар на Министерство за внатрешни работи; Транспортни компании; Приватни билборди; Телефонски број на (полициска) служба за Аларм; и Специјална порака до сите полициски одделенија[29].

Основањето на Амбер алерт Бугарија всушност е резултат на претходна посветеност на Бугарија во однос на подобрување на потрагата по исчезнати деца. Дотолку повеќе што Бугарија, во 2016 година е една од деветте земји од Централно-источна Европа, кои имаат потпишано Заедничка декларација за

[25] *Ibid* чл.429
[26] *Ibid* чл.430
[27] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/news/bulgaria-launches-amber-alert-system-quickly-recover-missing-children
[28] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country
[29] *Ibid*

вклучување повеќе граѓани во потрагата по исчезнато дете и за потесна соработка со полицијата од соседните земји за случаите на исчезнати деца.[30]

Во бугарскиот казнен систем, **киднапирање претставува кривично дело**. Според одредбите од Кривичниот законик на Бугарија, со казна затвор од 7 до 15 години, ќе се казни сторителот ако киднапираното лице е бремена жена или лице на возраст под 18 години[31]. Додека со казна затвор од 10 до 20 години или доживотен затвор, како и конфискација на дел или на целиот имот, ќе се казни виновникот ако: делото се повторува или претставува опасен рецидив; делото резултирало со значителни штетни последици; кон киднапираното лице се постапувало со особена суровост; делото е сторено на начин особено болен или опасен по здравјето на киднапираното лице; се наведува дека ослободувањето на киднапираното зависи од извршување на одредена состојба од трето лице[32].

## V РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Во Хрватска, системот Амбер алерт се нарекува **Нено аларм** и истиот е воведен во месец ноември 2022 година. Нено алармот им овозможува на полициските службеници да бараат помош од јавноста во случај на исчезнато дете со висок ризик, односно дете под 18-годишна возраст. Нено алармот може да се активира без разлика дали малолетникот побегнал од родителите или домот, дали побегнал од установа за згрижување, самиот се изгубил или е жртва на родителско киднапирање, или пак кога постои опасност малолетникот да стане жртва[33]. Надлежен орган за издавање на Нено аларм е Министерство за внатрешни работи на Хрватска и Полицијата. Но, за да биде издадено предупредување за исчезнато дете, потребно е исполнување на одредени критериуми:

1. исчезнатиот е малолетник кој не наполнил 18 години;
2. да е поднесена пријава од законскиот застапник на исчезнатиот малолетник;
3. да постојат докази дека животот на малолетникот е во опасност или дека може да биде жртва на тешко кривично дело;
4. писмена согласност од законскиот застапник на малолетното лице или од обвинител, ако е поведена кривична постапка, за издавање на Нено аларм за малолетникот. Сепак, писмената согласност не е задолжителна доколку полицијата оцени дека постојат околности кои укажуваат на непосредна животна опасност на детето.

Предупредувањето мора да ги содржи основните информации за малолетникот, краток опис на случајот со исчезнатиот малолетник, како и линк до профилот на исчезнатото малолетно лице на интернетската страницата на Националниот регистар на исчезнати лица[34]. За активирање на предупредувањето се користат повеќе видови алатки: интернет страница на полицискиот Национален регистар на исчезнати лица, на која страница се наоѓа и профилот на исчезнатото

[30] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/news/bulgaria-launches-amber-alert-system-quickly-recover-missing-children

[31] чл.142 ст.1 т.3 Кривичен Законик на Република Бугарија https://www.mlsp.government.bg/uploads/1/blgarsko-zakonodatelstvo/en/criminal-code.pdf

[32] *Ibid* чл.142 ст.3 т.1-5

[33] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country

[34] *Ibid*

малолетно лице; специјална е-пошта за комуникација помеѓу компанијата Мета и одговорната полициска единица; алармирање од компанијата Мета преку платформите Фејсбук и Инстаграм за корисници во радиус од 160 км од последното место каде е познато дека малолетното лице се наоѓало; телефонски број на полициската служба надлежна за Нено аларм; Прес-центарот на МВР; како и посебно интерно известување до сите полициски одделенија[35].

**Активирањето на Нено-алармот се одвива во три чекори**.
Најпрво, надлежната организациона единица на Министерството за внатрешни работи одговорна за активирање на алармот, испраќа е-пошта до компанијата Мета. Притоа дава краток опис на случајот, опис на малолетникот и линк до профилот на малолетникот во Националната регистар на исчезнати лица. За таа цел, Мета поставува наменска адреса за е-пошта 24/7. Податоците од профилот на малолетникот во Националниот регистар на исчезнати лица може да се менуваат и ажурираат по потреба и во секое време.
Во вториот чекор Мета веднаш издава предупредување за корисниците на платформите Фејсбук и Инстаграм во Хрватска, во радиус од 160 километри од местото на исчезнување на малолетникот. Корисниците на двете платформи во опсегот на предупредувањето добиваат предупредување во форма на известување со краток опис на случајот. Предупредувањето се прикажува дури и ако соодветните апликации не се отворени, и останува активно на Фејсбук и Инстаграм 24 часа или додека истото не се откаже пред истек на 24-часовниот период.
Најпосле, во случај на отповикување на алармирањето, при затекнување на малолетно лице, одговорната организациска единица на Министерството за внатрешни работи соодветно ја известува компанијата Мета по е-пошта со краток опис на резултатот. По завршувањето на пребарувањето, соодветно се известуваат корисниците на платформите Фејсбук и Инстаграм[36].
**Киднапирање претставува кривично дело, за кое хрватскиот Кривичен законик пропишува казна затвор.** Оттука, тој што незаконски ќе ја одземе слободата на друг со цел да присили трето лице да прави, да не прави или да страда, ќе се казни со затвор од **шест месеци до пет години**. Доколку, ова кривично дело е сторено со закана дека киднапираното лице ќе биде убиено или доколку делото е сторено на свиреп начин, или на киднапираното лице му е нанесена тешка физичка повреда или е **извршено против дете**, лице со тешка попреченост или блиско лице, сторителот ќе се **казни со затвор од една до десет години.** Но, доколку оваа кривично дело предизвикало смрт на киднапираното лице, **сторителот ќе се казни со затвор од три до петнаесет години[37].**

## VI РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Од страна на Центарот за исчезнати и малтретирани деца и здружение „Астра“, објавено е дека на 25.10.2023 година во Србија е активирана српска верзија на Системот Амбер алерт - **„Најди ме“**. Во првата фаза од воспоставувањето на системот „Најди ме“, сите граѓани ќе добиваат известување за исчезнување на

[35] *Ibid*
[36] European Centre for missing children; https://www.amberalert.eu/amber-alert-in-your-country
[37] Кривичен Законик на Република Хрватска, чл.137; https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon

дете преку своите мобилни телефони, додека националните медиуми ќе бидат обврзани да ја објавуваат информацијата на секои 30 минути во првите 8 часа, а подоцна секој час во првите 48 часа од објавувањето на исчезнувањето и доколку детето сѐ уште не е пронајдено. Во исто време, „Патишта на Србија“ ќе објавуваат информации на ЛЕД-екраните до автопатите, аеродромот Никола Тесла, автобуските и железничките станици ќе објавуваат информации за исчезнувањето на дете на нивните информативни екрани. Во втората фаза, планирано е во ширењето на информации за исчезнатото дете да бидат вклучени и социјалните мрежи.

Надлежен орган за активирање на системот „Најди ме“ е Министерството за внатрешни работи на Република Србија, врз основа на однапред утврдени критериуми[38].

Во Србија, по убиството на тинејџерка "Тијана Јуриќ", формирана е фондација "Тијана Јуриќ". Во месец декември 2019 година, на иницијатива на Фондацијата, воведен е нов вид на кривична санкција – доживотен затвор[39]. Оттука, во Кривичниот законик е пропишана казна затвор во траење од најмалку десет години до казна доживотен затвор за кривично дело **Тешко убиство** доколку истото е извршено врз дете или бремена жена[40]. Во овој случај, осудениот не може да биде пуштен на условен отпуст[41]. **Киднапирање** претставува кривично дело, за кое српскиот Кривичен законик пропишува казна затвор. Според одредбите од Законикот, ако киднапираното лице е задржано повеќе од десет дена или со него се постапувало на суров начин или сериозно му е нарушено здравјето или пак настанале други тешки последици, а делото е сторено спрема малолетно лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од 3 до 15 години[42].

## VII РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според јавно достапните податоци, во Северна Македонија на годишно ниво, просечно исчезнуваат околу 300 лица од кои значителен број се деца. Како дел од „Пилот - проект за систем за рано предупредување за исчезнатите деца“, во нашата држава е отпочнат (воспоставен) "Систем за рано предупредување за исчезнати деца - *Најди ме*". Овој проектот е отпочнат во соработка и под проектен менаџмент на ЕКПАТ Австрија, а со финансиска поддршка на Федералното министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите на Република Австрија[43]. Проектот беше предвиден за период од 1 јули 2021 година до 31 декември 2022 година, а партнер на проектот е Невладината организација – Новинари за човекови права[44]. Потрагата по исчезнати лица е подржана од интернетската страница "https://najdime.org.mk/", преку споделување релевантни информации за исчезнатото лице, без разлика

---

[38] Интернетска страница на Невладина организација „Астра“ https://astra.rs/danas-startuje-pronadi-me-%e2%88%92-sistem-za-hitno-obavestavanje-javnosti-o-nestanku-deteta/ пристапено на 15.12.2023 година

[39] Центар за исчезнати и злоставувани деца на Србија; https://cnzd.rs/kazna-dozivotnog-zatvora/

[40] *Ibid* чл.114 ст.1 т.9

[41] *Ibid* чл.46 ст.5

[42] Кривичен Законик на Република Србија, чл.134 ст.3; https://www.paragraf.rs/propisi/krivicni-zakonik-2019.html

[43] Интернетска страница за пријавување на исчезнати лица https://najdime.org.mk/

[44] Интернетска страница за пријавување на исчезнати лица https://najdime.org.mk/%d0%b7%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%82%d0%be%d1%82/

на националност, потекло, вера и слично[45]. Системот за рано предупредување за исчезнати деца би функционирал според принципот на апликација која се потполнува на интернетската страница. По добиената информација и пријава од семејството на исчезнато дете, невладината организација “Новинари за човекови права” ја проверува информацијата преку лице за контакт во Министерството за внатрешни работи. Доколку исчезнатото лице е пријавено во Министерството за внатрешни работи, тој извештај се објавува на интернетската страница за исчезнати деца и се споделува преку сите информативни канали широко до јавноста, односно на социјалните мрежи, како и на други информативни канали со кои што невладината организација има воспоставено партнерската соработка. Извештајот за исчезнато лице не е веднаш видлив на интернетската страница. Податоците најпрво се испраќаат до Министерството за внатрешни работи каде започнува оперативниот дел, потоа се чека повратна информација, како и дозвола за објавување[46].

Од Невладината организација – Новинари за човекови права, потенцираат дека по завршувањето на проектот продолжуваат да го работат сајтот на волонтерска основа согласно капацитетите со кои располагаат[47]. Според изјавата на Александра Радевска од невладината организација “Новинари за човекови права” од месец март 2024 година, системот во нашата држава не е покриен со законски решенија, како што е направено во соседна Србија. Организацијата функционира на доброволна основа и партнери, компании или институции кои се општествено одговорни и самите се пријавуваат да бидат дел од системот. Покрај соработката со Министерството за внатрешни работи, организацијата соработува и со неколку министерства, како Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика, а како партнери се јавуваат и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје, такси компании, хотелиери. Но сепак, се уште не постои соработка со мобилен оператор за испраќање на СМС пораки[48]. Исто така, од невладината организација потенцираат дека употребата на системот, односно кога и дали ќе биде активиран, зависи од информациите, од проценка на Министерство за внатрешни работи дали тоа ќе помогне во работата на полицијата на случајот или можеби ќе одмогне, дали родителите сакаат објавата да биде јавна и слично[49].

Во мај 2023 година Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија се вклучува во кампања за рано предупредување на исчезнување на деца. Кампањата во повеќе држави во светот, а по повод 25 Мај-Меѓународниот ден на исчезнати деца, е реализирана и спроведена од страна на фондацијата Амбер Алерт Европа, преку објавување на сликовнница наречена “The Rumbling Adventure of Hare” или *“Кркорливата авантура на зајакот”*. Сликовницата е дизајнирана да ги научи децата преку важни совети како истите да останат безбедни, а повод за оваа кампања е бројката од 300,000 деца кои исчезнуваат годишно во Европа. Оттука, со цел намалување на оваа

[45]Интернетска страница за пријавување на исчезнати лица https://najdime.org.mk/
[46]Излагање на Филип Спировски - Претседател на Новинари за човекови права, Завршна конференција на пилот проектот за систем за рано предупредување за исчезнати деца https://jhrmk.org/index.php/2023/12/20/zavrshna-klonferentsija-na-pilot-proektot-za-sistem-za-rano-predupreduvane-za-ischeznati-detsa/
[47]Интервју со Александра Радевска од невладината организација “Новинари за човекови права” од месец март 2024 година https://a1on.mk/macedonia/najdi-me-vo-makedonija-ushte-na-nivo-na-nevladini-i-dobrovolno-nema-nitu-operator-za-israkjanje-sms-poraki/
[48] *Ibid* Интервју со Александра Радевска од Невладина организација “Новинари за човекови права”
[49] *Ibid*

бројка, потенцирана е важноста да се научат децата уште на мала возраст на вештини и знаење потребни за нивната безбедност. “Кркорливата авантура на зајакот” е сликовница наменета за деца на возраст од 3 до 7 години и е достапна на 20 јазици, и истата е споделена во 23 земји во светот. Во неа се содржани основни безбедносни совети препорачани од експерти, како на пример:

- Никогаш не оди некаде сам. Побезбедно е да одиш заедно со некого.
- Не оди со непознати лица.
- Побарај помош од други лица ако се изгубиш.
- Научи како да ги забележуваш знаците ќе ти биде полесно да го најдеш патот за назад[50].

Оваа сликовница е достапна во ПДФ формат на официјалната интернетска страница на Амбер Алерт Европа[51].

**Грабнување претставува кривично дело, за кое во Кривичен законик на Република Северна Македонија е пропишана казна затвор. Согласно Кривичниот Законик:**

***Грабнување***

***Член 141***

(1) Тој што ќе изврши грабнување на некое лице со намера него или некој друг да го присили да стори, да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што делото од став 1 го стори спрема малолетно лице или тој што заради остварување на целта на грабнувањето од став 1 се заканува дека ќе го лиши оц живот грабнатото лице или дека тешко телесно ќе го повреди, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Сторителот на делото од ставовите 1 и 2 кое доброволни ќе го пушти на слобода грабнатото лице пред исполнување на барањето поради кое го извршил грабнувањето, може да се ослободи од казна[52].

Изработила: Лидија Поповска
Одобрила: Ивана Трајановиќ Арсовска
Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

_____________________________________

Златко Атанасов

[50] Интернетска страница на Министерство за внатрешни работи на република Северна Македонија https://mvr.gov.mk/vest/26552

[51] Интернетска страница на Амбер Алерт Европа https://www.amberalert.eu/the-rumbling-adventure-of-hare

[52] Чл.141 Кривичен Законик (Неофицијално пречистен текст) https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Интернетска страница на Европска комисија, https://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1416&langId=en&reviewId=292

2. AMBER Alert Training & Technical Assistance Program https://www.amberadvocate.org/international/ambe-alert-international-spring18/

3. Европски центар за исчезнати деца https://www.amberalert.eu/projects/police-expert-network

4. Статистички податоци од Европски центар за исчезнати деца https://www.amberalert.eu/statistics

5. Интернетска страница на Министерство за внатрешни работи на Чешка Република https://www.mvcr.cz/mvcren/docDetail.aspx?docid=21671597&docType=ART

6. Национална стратегија за превенција од криминал од 2022 до 2027 година на Чешка Република https://eucpn.org/sites/default/files/document/files/Crime%20Prevention%20Strategy%20Czech%20Republic.pdf

7. Кривичен законик на Република Чешка https://antislaverylaw.ac.uk/wp-content/uploads/2019/08/Czech-Republic-Criminal-Code.pdf

8. Интернетска страница на Невладина организација https://www.initiative-vermisste-kinder.de/k%C3%BCnstliche-intelligenz/

9.Кривичен законик на Сојузна Република Германија https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html

10. БЕ Алерт Белгија https://www.be-alert.be/en/what-be-alert

11.Кривичен Законик на Кралство Белгија https://legislationline.org/sites/default/files/documents/6e/BELG_CC_fr.pdf

12.Европски Центар за исчезнати деца https://www.amberalert.eu/news/bulgaria-launches-amber-alert-system-quickly-recover-missing-children

13.Кривичен Законик на Република Бугарија https://www.mlsp.government.bg/uploads/1/blgarsko-zakonodatelstvo/en/criminal-code.pdf

14.Кривичен Законик на Република Хрватска https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon

15.Интернетска страница на „Невладина организација Астра“ https://astra.rs/danas-startuje-pronadi-me-%e2%88%92-sistem-za-hitno-obavestavanje-javnosti-o-nestanku-deteta/

16.Кривичен законик на Република Србија https://www.paragraf.rs/propisi/krivicni-zakonik-2019.html

17. Центар за исчезнати и злоставувани деца на Србијач https://cnzd.rs/kazna-dozivotnog-zatvora/

18.Интернетска страница за пријавување на исчезнати лица https://najdime.org.mk/

19.https://jhrmk.org/index.php/2023/12/20/zavrshna-klonferentsija-na-pilot-proektot-za-sistem-za-rano-predupreduvane-za-ischeznati-detsa/

20. https://a1on.mk/macedonia/najdi-me-vo-makedonija-ushte-na-nivo-na-nevladini-i-dobrovolno-nema-nitu-operator-za-israkjanje-sms-poraki/

21. Интернетска страница на Министерство за внатрешни работи на република Северна Македонија https://mvr.gov.mk/vest/26552

22. Интернетска страница на Амбер Алерт Европа https://www.amberalert.eu/the-rumbling-adventure-of-hare

23. Кривичен Законик (Неофицијално пречистен текст) https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384